ДНЕВНИК, ЧЕТВРТОК, 5 ЈУЛИ 2007

РЕЦЕНЗИЈА „АНДЕРГРАУНД“ КОРЕОГРАФИЈА САША ЕВТИМОВА, МОБ

# Ентузијастичка игра

СОЊА ЗДРАВКОВА-ЏЕПАРОСКА

Прашањето за можната симбиоза помеѓу елитистичките уметнички родови и мас-културната продукција е поле што го третираа повеќе филозофи и теоретичари, но практичен одговор, барем во делот на музичко-сценските уметности (со ретки исклучоци), речиси и не постоеше. Дали е воопшто можно да се институционализира едно масовно движење како што е техностилот што рапидно се шири и го зафаќа интересот на младиот човек (притоа не само како музичка форма туку како нова филозофија на живеење). Една вака сериозна и провокативна идеја пред себе си постави кореографот Саша Евтимова, потпомогната од Киро Павлов, кој ја даде идејата за сценографија, и Дарко Јорданов, кој го направи музичкиот избор, тимот што застана зад најновата претстава во продукција на МОБ изведена во рамките на Скопското културно лето. Самиот наслов на делото „Андерграунд“ го лоцираше социокултурниот пласт што се третираше во претставата.

Едночасовната пулсирачка електронска музичко-кореографска текстура во себе синтетизираше современ тренд дополнет со елементи од етаблираните сценски модерни танцови дисциплини. Родовата дистинкција на ниво на кинестетичка профилација, која интегрираше диферентна и емоционално контрапунктирана игра, ѝ овозможи на Евтимова да постигне контраст и динамика. Основниот носечки столб, веројатно како резултат на креативниот аспект на реализаторот, беше поставен на женскиот изведувач. Со стабилна и мошне ентузијастичка игра се градеа низа различни релации и односи. Дополнителен акцент на секој движечки акорд беа извонредните светлосни решенија и помалку нестандардното вклучување пиротехнички средства во претставата. Актуелниот уметнички директор на Балетот, Киро Павлов, одговорен за дизајнот во делот на сценографијата, уште повеќе го потенцираше маргинализираниот, понекогаш исклучен од социјалниот контекст бунтовен млад човек и неговиот херметички затворен свет. Одлично подготвената играчка екипа во која, сепак, со својата индивидуална енергија се издвојуваа Саша Евтимова и младиот Агим Бафтиу одлично си ја одработи поставената задача. Линеараноста во која се нижеа кореографските сегменти ја изостави конвенционалната флутуирачка драматуршка структура со една средишна точка и патот што води од и кон неа, но со оглед на самата тема, поставка и концепт тоа беше легитимно право и избор на авторот.

Македонската публика со „Андерграунд“ доби една сосем поинаква претстава што, веројатно, особено успешна ќе комуницира со младата популација што е дел од рецентните животни текови и што оваа култура ја чувствува како своја и се идентификува преку неа. Евтимова уште еднаш ги потврди своите кореографски потенцијали што артикулираат една специфична сфера во творештвото. ■



**Современ балет потпрен на женската игра: сцена од „Андерграунд“**